## Дополнителни информации поврзани со запишувањето на летниот семестар

### Правила за запишување на летен семестар

1. Секој студент е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша според следните правила (кои се дел од склучениот Договор за студирање помеѓу студентот и Факултетот):

   - По правило студентот во секој семестар запишува предмети со вкупно 30 кредити. Максималниот број на запишаните кредити може да изнесува најмногу 35 кредити.

2. При запишувањето на семестарот студентот ги запишува предметите од летниот семестар на следниот начин:

   - првин ги запишува неположените задолжителни предмети од претходниот летен семестар

   - потоа ги запишува неположените изборни предмети од претходниот летен семестар,

   - потоа задолжителните предмети од тековниот семестар ,

   - и на крај изборните предмети од тековниот семестар. (При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар како изборни предмети.

3. Согласно член 323 од Статутот на УКИМ студентите кои еден предмет го запишуваат по 3-ти пат поминуваат во квота со кофинансирање.
4. Студентите запишани првпат од учебната 2013/2014 година преминуваат од државна во квота со кофинансиање, ако при запишување на летниот семестар во учебната 2015/2016 година еден предмет го запишуваат по третпат. Оваа одлука се применува при запишување на сите наредни зимски/летни семестри.

5. При запишување на предметите потребно е да се исполнат предусловите дефинирани во условеноста помеѓу предметните програми за летен семестар 2015/2016 година објавена на огласната табла и на веб страната на Факултетот.